B3-07-17

Штедилница Можности ДОО Скопје, бул. „Јане Сандански" 111, 1000 Скопје, Република Северна Македонија, П. Фах 883
Тел.+389 2 2401 051 Факс.+389 2 2401 049 http://www.moznosti.com.mk e-mail: contact@moznosti.com.mk

ОПШТИ УСЛОВИ ЗА РАБОТЕЊЕ СО ДЕПОЗИТИ НА ФИЗИЧКИ ЛИЦА

| **Име на продукт** | **ДЕНАРСКИ ДЕПОЗИТ ПО ВИДУВАЊЕ** |
|---|---|
| **Целна група на клиент** | • Физички лица |
| **Валута на депозит** | • МКД |
| **Минимален износ** | • 50,00 денари |
| **Рок на орочување** | • По видување |
| **Каматна стапка** | • 0,02 % |
| **Тип на каматна стапка** | • **Прилагодлива** каматна стапка на депозитите отворени заклучно со 30.06.2017 година<br>• **Фиксна** каматна стапка на депозитите отворени по 01.07.2017 година |
| **Пресметка и плаќање на камата** | • Пресметувањето на каматата се врши месечно, а штедилницата го врши начинот на пресметка на каматата согласно со законските прописи<br>• Метода на пресметка на камата - конформна метода<br>• Декурзивна пресметка на камата<br>• Каматната стапка е на годишна основа |
| **Отворање и затворање на штедна книшка** | • Штедна книшка може да отвори секое деловно способно физичко лице и тоа:<br>во свое име,<br>во име на малолетно лице за кое е законски застапник<br>• Отворањето на штедната книшка е бесплатно и може да се направи во секоја експозитура на штедилницата со лично присуство (важи за деловно способни физички лица) и валиден документ за идентификација<br>• Штедна книшка може да се затвори во секоја експозитура на штедилницата на барање на депонентот, со лично присуство и со валиден документ за идентификација |
| **Уплата, исплата и располагање со средства** | • Дополнителни вложувања се вршат на благајните на штедилницата или со трансфер на трансакциска сметка на штедилницата<br>• Лица кои можат да вршат уплата на средства без ограничување се:<br>Носител на сметка,<br>Законски застапник на сметка,<br>Ополномоштено лице на сметка<br>• Секое физичко лице различно од носителот на сметката може да врши уплата до износ од 60.000,оо денари<br>• Со средствата од депозитот по видување се располага во секое време без ограничување<br>• Депонентот за располагање со депозитот во експозитура на штедилницата треба да приложи:<br>Штедна книшка<br>Валиден документ за идентификација |
| **Останати одредби** | • За вложените средства депонентот и штедилницата склучуваат Договор за депозит по видување<br>• За вложените средства штедилницата издава штедна книшка, преку која се евидентираат и следат промените на депозитот<br>• Во случај на изгубена, оштетена или целосно пополнета штедна книшка, депонентот писмено пријавува во експозитура на штедилницата, со цел веднаш да се изврши замена со нова<br>• Вкупните депозити на депонентите во штедилницата се осигурени во Фондот за осигурување на депозити АД Скопје. Фондот ги обесштетува вкупните депозити по депонент (ЕМБГ), но не повеќе од денарска противвредност на 30.000 евра во една банка, филијала на странска банка или штедилница, пресметана по среден курс на НБРМ. Во наведениот износ се пресметува главнината на депозитот, пресметаната и припишана камата, како и непристигнатата камата до денот на конечноста на решението<br>• Податоците поврзани со депозитот и личните податоци на депонентот претставуваат банкарска (деловна) тајна и притоа штедилницата се обврзува дека истите нема да ги открива на други лица, освен ако со закон или подзаконски пропис е поинаку предвидено, со што депонентот изречно се согласува<br>• Штедилница Можности не прибира девизни депозити на своите уплатно-исплатни места |

* **За дополнителни информации обратете се во експозитурите на штедилницата**

Јуни, 2019 година

Штедилница Можности ДОО Скопје